Јадранка Ѓорѓиева, РО „Стрмос“,
Ристо Митев, ул. „Илинденска“,
Фидан Николов, „Јаким Спиров“ — број 40,
Оливера Ефремова, „Нада Михајлова“ — Пробиштип,
Душко Алексиќ — „11 Октомври“ — 4.

VI

Оваа одлука влегува во сила од 1 март 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-729/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**75.**

Врз основа на член 12 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ број 40/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

За член на Одборот за доделување на наградата „Климент Охридски“ се именува проф. д-р Момир Поленаковиќ. редовен професор на Медицинскиот факултет — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-701/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**76.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика, („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РО — РАФИНЕРИЈА НА НАФТА „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

За претставници на Општествената заедница во Советот на РО Рафинерија на нафта „Скопје“ — Скопје, се именуваат:

Кирил Серафимов, делегат во Соборот на општините на Собранието на СР Македонија,

Небојша Јанкуловски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ (член на Одборот за индустрија, енергетика, градежништво и сообраќај,

Јованка Дончевска, дипломиран економист, на работа во РО „Макпетрол“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-710/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**77.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование, („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РО ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ — СКОПЈЕ

1. Се разрешува од функцијата претставник на Општествената заедница во Советот на РО Факултет за правни и политички науки во Скопје, Томе Георгиевски, поради истек на времето за кое е именуван.

2. За претставник на општествената заедница во Советот на РО Факултет за правни и политички науки — Скопје, се именува:

— Илија Беличанец, член на Советот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-711/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**78.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование, („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ — СКОПЈЕ

Се разрешува од функцијата претставник на општествената заедница во Советот на факултетот за драмски уметности — Скопје, Светлана Топузовска, поради истек на времето за кое е именувана.

За претставник на Општествената заедница во Советот на факултетот за драмски уметности — Скопје, се именува:

— Иван Ивановски, театарски критичар на работа во ООЗТ Радио — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-712/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

79.

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Шумарскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани.

— Панајот Јаневски,
— инж. Живко Минчев,
— Јован Силјановски,
— Панде Поповски,
— инж. Бранко Шумански.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Шумарскиот факултет во Скопје се именуваат:

Милутин Маниќ, претседател на Одборот за земјоделство, шумарство при СЗТ на Собранието на СРМ, делегат од Куманово,

инж. Ристо Николов, директор на Заводот за проектирање „Шума-проект“ — Скопје,

инж. Перица Петровски, на работа во Шумското стопанство „Караџица“ — Скопје,

Јован Петровски, член на Одборот за земјоделство и шумарство при СЗТ на Собранието на СРМ, претставник од Друштвото на љубителите на шумите на СР Македонија,

инж. Драги Трајановски, член на Советот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-713/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

80.

Врз основа на член 3 став 3 и член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 43/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО ООЗТ „ЕЛЕКТРО — МАКЕДОНИЈА“ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган во ООЗТ „Електро — Македонија“ — Скопје се именуваат:

— Мети Крлиу, член на Претседателството на СЗБ од НОВ на Македонија,

— Драги Бошковски, секретар на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-714/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

81.

Врз основа на член 3 став 3 и член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО РО „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган во РО „Електростопанство на Македонија“ — Скопје се именуваат:

— Марица Георгиевска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

— Сандре Нонкуловски, советник во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-715/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

82.

Врз основа на член 3 став 3 и член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО ООЗТ РЕК „ОСЛОМЕЈ“ — ОСЛОМЕЈ

За членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган во ООЗТ РЕК „Осломеј“ — Осломеј се именуваат:

— Душко Ѓорѓевски, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, претседател на ОК на СКМ — Тетово,

— Илија Цветковски, потсекретар во Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-716/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

83.

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА БОЛНИЦАТА ЗА НЕРВНИ И ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ С. БАРДОВЦИ — СКОПЈЕ

— За членови на конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Болницата за нервни и душевни болести с. Бардовци — Скопје, се именуваат:

Чедомир Стојковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Видое Стефановски, републички советник.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-717/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**84.**

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ООЗТ РЕК „БИТОЛА“ С. СУВОДОЛ — БИТОЛА

— За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ООЗТ РЕК Битола — с. Суводол — Битола се именуваат:

Трајан Тошевски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ,

Алексо Кипровски, претседател на Републичкиот одбор на Синдикатот за индустрија и енергетика.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-718/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**85.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА

— За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Републичкиот завод за трансфузиологија се именуваат:

проф. д-р Владислав Бидиков, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија, претседател на Одборот за труд, здрав. и социјална политика.

Димитар Трајковски, шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-719/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**86.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат намените, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија (средства на Републиката и на општините) во 1989 година.

Член 2

Слободните средства на Републиката и на општините, Народната банка на Македонија ќе ги насочи преку деловните банки за кредитирање на:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Републички стоковни резерви, откуп на земјоделски производи и резерви на минерални ѓубрива, во износ до | 17.000 мил. дин. |
| 2. | Создавање на резерви на месо во жив добиток (по сојузна и републичка програма), во износ до | 1.000 мил. дин. |
| 3. | Издавачка дејност, во износ до | 1.000 мил. дин. |
| 4. | Здравствена заштита, во износ до | 4.000 мил. дин. |
| 5. | Производство за посебни намени, во износ до | 10.000 мил. дин. |
| 6. | Развој на малото стопанство за инвестиции во работни организации основани од работни луѓе договорни организации на здружен труд, сточарски фарми во индивидуалниот сектор и инвестиции од страна на работни луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд и средства на трудот во сопственост на граѓаните, во износ до | 2.000 мил. дин. |
| 7. | Пласмани на домашна опрема и сообраќајни средства во земјата, во износ до | 4.500 мил. дин. |
| 8. | Програмата за производство на храна во компактно стопански неразвиените подрачја (Козјак, Дебарца и Мариово), во износ до | 2.000 мил. дин. |
| 9. | Програмата за преработувачки капацитети во компактно стопански неразвиените подрачја Козјак, Дебарца и Мариово), во износ до | 5.000 мил. дин. |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Откуп на пченка, јачмен, пченица, сончоглед — масло за јадење, шеќер и лекови, во износ до | 30.000 мил. дин. |
| 11. | Подготовка на зимски туризам, во износ до | 4.450 мил. дин. |
| 12. | Подготовка на есенската сеидба, во износ до | 10.000 мил. дин. |
| 13. | Програмата за реализација на системот на фиксни програмски врски во радио дифузната мрежа на РТВ — Скопје, во износ до | 2.750 мил. дин. |
| 14. | Водоснабдување и пречистување на вода, во износ до | 5.000 мил. дин. |
| 15. | Програмата за енциклопедија на Југославија, во износ до | 200 мил. дин. |
| 16. | Програмата за економско-финансиска консолидација, во износ до | 5.000 мил. дин. |
| 17. | Опремување на градски сообраќајни претпријатија во Републиката | 15.000 мил. дин. |
| 18. | Издавање на учебници за основно и средно насочено образование, во износ до | 2.700 мил. дин. |

Член 3

Кредитите наменети од член 2 на оваа одлука ќе се враќаат под следниве услови:

— за намените од точка 1, 11, 13 и 14 — со рок на враќање од 1 година и со каматна стапка од 45% годишно;

— за намените од точка 2 — со рок на враќање од 5 години почнувајќи од 1 јануари 1990 година во еднакви полугодишни ануитети и со каматна стапка од 4% годишно;

— за намената од точка 3 со рок на враќање од 6 месеци, со тоа што можат да се репласираат во рок од 3 години и со каматна стапка од 45% годишно;

— за намените од точките 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 17 со рок на враќање до 3 години, почнувајќи од 1 јануари 1990 година, во еднакви полугодишни ануитети и со каматна стапка од 45% годишно;

— за намените од точка 10 и 18 — со рок на враќање од една година без пресметување камата;

— за намените од точките 12 и 16 — со рок на враќање од 6 месеци и со каматна стапка од 45% годишно;

— за намената од точка 15 — со рок на враќање од 3 месеци, без пресметување камата.

Член 4

При поднесувањето на барањето на кредитите за намените од член 2 на оваа одлука, банката е должна да достави сопствено мислење до Народната банка на Македонија, како и мислење од надлежниот републички орган на управата и тоа:

— за намените од точка 1, 2, 6, 10 и 11 — Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар и Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство;

— за намените од точка 3, 15 и 18 — Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура;

— за намените од точка 4 — Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика;

— за намените од точка 5, 7, 8 и 9 — Републичкиот комитет за индустрија и енергетика и Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство;

— за намените од точка 12 — Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку ЗЗПК „Македонија" — Скопје, врз основа на план за сеидба;

— за намената од точка 13 — Републичкиот секретаријат за финансии;

— за намената од точка 14 и 17 — Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина, при што ќе утврди и распоред по општини.

Член 5

Заради обезбедување на пласманите од член 2 на оваа одлука, во рамките на расположивите депозити, Народната банка на Македонија ќе пласира најмногу 80% од просечната големина на депозитите во претходниот месец.

Нераспоредените средства на Републиката и на општините од став 1 на овој член, до нивното насочување за намените од член 2 на оваа одлука, Народната банка на Македонија може да одобрува кредити на деловните банки, со рок на враќање до 30 дена и со каматна стапка во висина од 85% од есконтната стапка на Народната банка на Југославија, во случаите кога користат средства од резервниот фонд и задолжителната резерва.

Од средствата од став 2 на овој член, Народната банка на Македонија може да одобрува кредити и на организации на здружен труд, преку деловните банки, со рок на враќање до 30 дена и со каматна стапка во висина од 60% од есконтната стапка на Народната банка на Југославија. Каматата по овие кредити ќе се пресметува со примена на дисконт, а ќе се наплатува месечно.

Член 6

Пресметувањето на каматата од член 3 на оваа одлука ќе се врши по пропорционална метода, а ќе се наплатува месечно.

Член 7

Каматната стапка на кредитите што банките ја наплатуваат од крајните корисници може да изнесува до 3 процентни поени над пропишаната каматна стапка што банките ја плаќаат на Народната банка на Македонија.

Член 8

Приходите од каматите по кредитите од средствата на Републиката и на општините ќе се насочат по секоја периодична пресметка и тоа: 50% за републичките стоковни резерви, 25% на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија за реализација на Програмата за електрификација на селата од ридско-планинскиот и од пограничниот појас во СР Македонија и 25% за учество во финансирањето на развојниот концепт на РТВ Скопје.

Средствата од став 1 на овој член ќе се пласираат како неповратни средства.

Член 9

За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Народната банка на Македонија.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-304/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**87.**

Врз основа на член 83 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), а во врска со Програмата на мерки и активности за остварување на економско-финансиската консоли-

дација на организациите на здружениот труд и банките во СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛОТ ОД СРЕДСТВАТА НА ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ НАД РАСХОДИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ПО ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА 1988 ГОДИНА НАМЕНЕТ ЗА ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СТОПАНСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Делот од средствата на вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Македонија по Завршната сметка за 1988 година, наменет за економско-финансиска консолидација на организациите на здружениот труд со верифицирани програми од Координациониот одбор за следење на економско-финансиска консолидација, ќе се пренесат на трајно користење:

— 50% за програми на организациите на здружениот труд кои повторно ќе отпочнат со процеc на производство;

— 30% за финансиска поддршка на организациите на здружениот труд по програми за зголемување на тековното производство;

— 20% за програми за набавка на опрема кај организациите на здружен труд за финализација на земјоделски производи во прехранбена индустрија.

Доколку не се ангажираат целокупно распоредените средства од алинејата прва и трета во квалитетни програми до крајот на првото полугодие, неангажираните средства ќе се насочат во намените од алинејата втора.

2. Програмите од точка 2 на оваа одлука ги оценува Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, а ги верифицира Координациониот одбор за следење на економско-финансиската консолидација во Републиката.

3. Организациите на здружен труд своите програми согласно точка 1 од оваа одлука ги доставуваат до Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, 30 дена од денот на објавувањето на Одлуката.

Организациите на здружен труд при поднесување на програмите според алинеја 1, 2 и 3 се должни да поднесат Извештај за спроведување на Програмата за економско-финансиската консолидација на организацијата во 1988 година.

4. Средствата од точка 1 на оваа одлука НБМ ќе ги пренесе на крајните корисници по одлука на Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, врз основа на поднесена инвестициона или производна програма од организациите на здружен труд.

5. Стопанска банка — Здружена банка — Скопје за ангажираните средства со оваа одлука ќе поднесе Извештај на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија најдоцна до крајот на месец јули 1989 година.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-439/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**88.**

Врз основа на член 5 од Законот за условите и начинот на користење на средствата на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 18/76 и 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА НА СОЛИДАРНОСТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Член 1

Од средствата на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди на Социјалистичка Република Македонија се доделуваат средства во износ од 32,5 милиони динари и тоа на:

— општината Македонски Брод 12,5 мил. дин.
— општината Охрид 20,0 мил. дин.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат во вид на бескаматен кредит со рок на враќање од 5 години.

Член 3

За користењето и враќањето на средствата од член 1 на оваа одлука собранијата на општините ќе склучат договор со Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Договорот од став 1 на овој член во името на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија ќе го потпише републичкиот секретар за финансии.

Член 4

Средствата од член 1 на оваа одлука собранијата на општините ќе ги распоредат според критериумите што ќе ги утврдат и условите од член 2 на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-323/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**89.**

Врз основа на член 393, точка 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 177, став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80, 28/88), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ НА ПРИМЕНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ДИСЦИПЛИНСКАТА ОДГОВОРНОСТ ОПРЕДЕЛЕНА СО ЗАКОН ЗА РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ГИ НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на примената на одредбите за дисциплинската одговорност определена со Закон на раководните работници во републичките органи на управата и републичките организации што ги назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 2

Одредбите за дисциплинската одговорност на работниците од Законот за државната управа и самоуправниот општ акт на работната заедница на републичкиот орган на управата во кој раководниот работник работи се применуваат и на раководните работници во републичките органи на управата и републичките организации што ги назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, доколку со оваа одлука не е поинаку утврдено.

Член 3

На раководниот работник за повредите на работните обврски и за други повреди на работната дисциплина може да му се изрече една од следните дисциплински мерки:

— опомена;

— јавна опомена;

— парична казна;

— разрешување од должноста и распоредување на други работи односно работни задачи за определено време;

— престанок на работниот однос.

Член 4

За утврдување на повредите на работните обврски и за другите повреди на работната дисциплина за утврдување на одговорности и изречување на мерките за тие повреди при Извршниот совет на Собранието на СРМ се образува дисциплинска комисија.

Член 5

Дисциплинската комисија се состои од претседател и четири члена. Претседателот и членовите на комисијата имаат заменици. Претседателот на комисијата, два члена и нивните заменици ги именува Извршниот совет на Собранието на СРМ, а по еден член од комисијата и негов заменик ги делегираат работната заедница и организацијата на синдикатот на републичкиот орган на управата во кој раководниот работник работи.

Претседателот на комисијата, двата члена и нивните заменици, Извршниот совет на Собранието на СРМ ги именува за време од две години.

Член 6

Постапката за дисциплинската одговорност на одговорните работници се покренува по предлог на функционерот кој раководи со републичкиот орган на управата во кој раководниот работник работи.

Предлогот за покренување на постапката за дисциплинската одговорност се доставува до дисциплинската комисија.

Член 7

Против решението на дисциплинската комисија со кое е изречена мерка за повреда на работните обврски може да се изјави жалба до Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-364/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

РЕПУБЛИЧКИ ФОНД ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ

**90**

Врз основа на член 37 од Законот за фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ“ бр. 41/78, 10/85 и 14/88) и член 40 од Статутот на Републичкиот фонд за заеднички резерви, Собранието на Републичкиот фонд за заеднички резерви, на седницата одржана на 17 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕЗЕРВИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Стапката на здружување на средствата на резервите на основните организации на здружен труд во Републичкиот фонд за заеднички резерви изнесува 30% од основицата утврдена со Законот за фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ“ бр. 41/78, 10/85 и 14/88).

Член 2

Обврската од претходниот член се однесува по завршните сметки на основните организации на здружен труд за 1988 година.

Член 3

Средствата од членот 1 на оваа одлука ќе се уплатуваат на жиро-сметка 40100-651-16 Републички фонд за заеднички резерви — Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 61813-с-2-3, донесена од страна на Собранието на Републичкиот фонд за заеднички резерви на 23 април 1988 година.

Бр. 21-837-1-а-4
17 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на фондот,
**Михајло Тромбевски,** с. р.

# КОНКУРСИ

Врз основа на член 79 од Законот за инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 15/83), член 23 и 24 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување на изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 22/84), Работната организација за угостителство и туризам Инекс „Горица“ — Охрид

распишува

**КОНКУРС**

за јавно наддавање за изградба на хотелски комплекс „Лихнидион“ во Охрид

I Предмет на понудата:

Предмет на понудата е изградба на хотел „Лихнидион“ со сите придружни објекти, пристапен пат, плажа, пристаниште и тунел.

II. Услови:

Изведувањето на работите ќе се отстапи на најповолниот понудувач според оценката на конкурсната комисија.

Понудата треба да содржи:

1. фирма и точна адреса на понудувачот;

2. назив на работите што се предмет на отстапувањето по пат на јавно наддавање;

3. рок на изведување на работите што се предмет на отстапување по пат на јавно наддавање и гаранен рок за квалитетот на тие работи;

4. цена на работите што се предмет на отстапувањето по пат на јавно наддавање;

5. спремност на понудувачот да учествува во изградбата на објектот во вид на кредитирање, во кој износ и услови;

6. изјава на понудувачот дали ќе пресметува разлики во цени и под кои услови;

7. како ќе се пресметуваат непредвидените работи кои ќе се јават во текот на градбата;

8. колкав ќе биде коефициентот за пресметување на дополнителните работи на нето стартните основи;

9. како ќе се пресметуваат дополнителните градежно-занаетчиски и инсталатерски работи.

III. Место на изведување на работите:

Работите ќе се изведуваат во локалитетот „Горица" — Охрид.

IV. Цена:

Ориентациона цена на работите е 35.000.000.000 динари.

V. Рокови:

1. Рок за завршување на хотелот со сите придружни и други објекти кои се предмет на јавно наддавање е 1 мај 1990 година, а отпочнување со работа од 1 април 1989 година.

2. Рок за поднесување на понудата:

Понудите треба да се доставени и примени од инвеститорот најдоцна 15 календарски дена од денот на објавувањето на конкурсот, а се доставуваат во Инекс „Горица" — Охрид.

3. За денот на јавното наддавање учесниците на конкурсот дополнително ќе бидат известени.

4. Избор на најповолниот понудувач ќе се изврши во рок од 10 дена по отворањето на понудите.

5. Разгледување на техничката документација и преземање на тендерска документација може да се врши односно презема секој работен ден од 8—11 часот во текот на траењето на конкурсот во административните простории на инвеститорот Инекс „Горица" — Охрид.

VI. Општо:

Кон понудата да се достави комплетна и пополнета тендерска документација, и тоа во одвоени обвивки како што е тоа предвидено со член 9 од Правилникот и начинот и постапка за отстапување на изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ" бр. 22/84).

## СОДРЖИНА

Страна


65. Одлука за помилување на осудени лица — 101
66. Одлука за разрешување од должноста судија на Врховниот суд на Македонија — 101
67. Одлука за избор на судии на Републичкиот суд за прекршоци — — — — — 101
68. Одлука за избор на судии на Окружниот суд во Скопје — — — — — — 101
69. Одлука за избор на претседател на основниот суд на здружениот труд во Скопје 102
70. Одлука за разрешување од функцијата член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и републички секретар за односи со странство — — — — — 102
71. Одлука за разрешување член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија 102
72. Одлука за разрешување заменик на претседателот на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика — — — — — 102
73. Одлука за разрешување и избор на судии — поротници на Врховниот суд на Македонија, Стопанскиот суд на Македонија, окружните судови и окружните стопански судови — — — — — — — — — 102
74. Одлука за разрешување и избор на повремени судии на Судот на здружениот труд на Македонија и основните судови на здружениот труд — — — — — — — — 111
75. Одлука за именување член на Одборот за доделување на наградата „Климент Охридски" — — — — — — — — — — 118
76. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Советот на РО — Рафинерија на нафта „Скопје" — Скопје 118
77. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на РО Факултет за правни и политички науки — Скопје — — — — — 118
78. Одлука за разрешување и именување претставник на Општествената заедница во Советот на Факултетот за драмски уметности — Скопје — — — — — — — — — 118
79. Одлука за разрешување и именување претставници на Општествената заедница во Советот на Шумарскиот факултет — Скопје 119
80. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во ООЗТ „Електро-Македонија" — Скопје — — — — — — 119
81. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во РО „Електростопанство на Македонија" — Скопје — — — 119
82. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во ООЗТ РЕК „Осломеј" — Осломеј — — — — — — — — 119
83. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Болницата за нервни и душевни болести с. Бардовци — Скопје — — — — — — — — — — 120
84. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ООЗТ РЕК „Битола" с. Суводол — Битола — — — — — 120
85. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Републичкиот завод за трансфузиологија 120
86. Одлука за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — — 120
87. Одлука за насочување на делот од средствата на вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Македонија по Завршната сметка за 1988 година наменет за економско-финансиска консолидација на организациите на здружениот труд во стопанството на СР Македонија 122
88. Одлука за користење на средства на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди — — — 122
89. Одлука за начинот на примената на одредбите за дисциплинската одговорност определена со закон за раководните работници во републичките органи на управата и републичките организации што ги назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — 122


**Републички фонд за заеднички резерви**


90. Одлука за определување на стапката за здружување на средствата на резервите на организациите на здружен труд — — — 123


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**